

Архиепископот Теофилакт (1084-1108) со константинополскиот Патријарх околу изградбата на ставропигијален манастир во Кичево. Тој му пишува на халкидонскиот Епископ, кој бил многу близок со Патријархот, дека Охридската Архиепископија е автокефална и Патријархот нема право да ракополага во неа. Исто така, како што е познато, кога на Охридската Архиепископија бил Архиепископ Јован Комнен (1143-1160), на Константинополскиот собор 1143г. не седел заедно со другите Епископи, туку седел до Патријархот, како и на соборот против еретикот Сотирих во 1156г., односно 1157г., кога седел каде што седеле Патријарсите - пред кипарскиот Архиепископ. Во соборските акти се потпишувал веднаш под Патријарсите.

***Иван Здравески***

Архиепископот Теофилакт (1084-1108) со константинополскиот Патријарх околу изградбата на ставропигијален манастир во Кичево. Тој му пишува на халкидонскиот Епископ, кој бил многу близок со Патријархот, дека Охридската Архиепископија е автокефална и Патријархот нема право да ракополага во неа. Исто така, како што е познато, кога на Охридската Архиепископија бил Архиепископ Јован Комнен (1143-1160), на Константинополскиот собор 1143г. не седел заедно со другите Епископи, туку седел до Патријархот, како и на соборот против еретикот Сотирих во 1156г., односно 1157г., кога седел каде што седеле Патријарсите - пред кипарскиот Архиепископ. Во соборските акти се потпишувал веднаш под Патријарсите.

Врховно - управно тело на Охридската Архиепископија бил Светиот Архијерејски Собор кој го сочинувале сите епархиски Архијереи на чело со нивниот претстојател, Архиепископот. Бидејќи во тоа време било тешко да се соберат сите Архијереи, донесувањето на одлуките преминало во власт на Синодот, за кој не се знае точно колку Епископи го сочинувале. Се смета дека во Синодот биле оние Архијереи што можеле да допатуваат, зашто во тоа време патувањето не било едноставно.

Со Соборот и Синодот претседавал Архиепископот. Значи, тој насекаде ја претставувал Архиепископијата. Архиепископот со оловен печат ги потпечатувал актите. Правото на надлежен Епископ го имал во својата Архиепископија и во ставропигијалните манастири.

По првиот Архиепископ Јован I, кој најверојатно бил Словен, скоро сите други Архиепископи биле Грци. Втор Архиепископ бил Лав (1037-1056), познат по тоа што во времето на схизмата со римската Црква бил на иста страна со Патријархот константинополски Михаил Керуларij (1043-1059). Тој му пишувал на римскиот Папа за новотариите што ги вовела римската Црква, кои пак биле пречка за единството. Исто така тој е познат како ктитор на катедралниот храм Света Софија во Охрид. По него, Архиепископ бил Теофилакт (1084-1108), па Михаил (1120-?). Тие како и Лав, дошле во Охрид од клириците на Големата Црква (Света Софија) во Константинопол. А Архиепископите Теодул (1056-1065), Јован II Лампин (1065-1078) и Јован III Аин (1078-?), биле избрани од средината на монасите во Константинопол. Јован IV Комнен потекнувал од царската фамилија Комнени. Тој е првиот Архиепископ за кого постои писмен доказ дека се титулирал и како Архиепископ на Прва Јустинијана. А Јован V Каматар (1183-1216) бил бивш императорски чиновник. Според сведоштвата на Нил Доксопатр: Синодот на Охридската Архиепископија имал само литургиско право да ги ракополага Архиепископите. Не ретко и Епископите на Охридската Архиепископија биле избирани од клирот на константинополската Црква.

Тоа што Архиепископите, па и другите Епископи на Охридската Архиепископија биле Грци, само го подига значењето и влијанието на Архиепископијата. Прво, затоа што нема никаков сомнеж дека во тоа време не се боледувало од етнофилетизам. Второ, затоа што Архиепископите што се бирале за Охрид биле меѓу најобразованите и најдуховните мажи во Константинопол (Теофилакт, Димитар Хоматијан (1216-1234) и др.), и трето, затоа што како Грци можеле да добијат многу повеќе привилегии од византискиот цар за локалното население кое претежно било словенско, отколку кога би биле Словени. Познати се писмата од Теофилакт Охридски што ги пишувал до царот, севастократорите и другите власти во државата, околу големите неправди што му се правеле на локалното население при собирањето на даноците. Исто така познато е и тоа дека народот добивал многу привилегии од властодршците по залагањата на Архиепископите. Доста често, некои од охридските Архиепископи, покрај Архиепископи на Прва Јустинијана, се титулирале и како Архиепископи на цела Бугарија.

По падот на Константинопол под Латините и создавањето на новите држави на територијата што била под јурисдикција на Охридската Архиепископија, се формирале самостојни Цркви во државите што не ја примале јурисдикцијата ниту од Константинопол, ниту од Охрид. Во новосоздаденото Второ бугарско царство на Петар (1185-1197) и Асен (1189-1196), била основана нова Бугарска Архиепископија со седиште во Трново. Охридскиот Архиепископ Хоматијан сведочи дека видинскиот Епископ, со двајца други Епископи, го ракоположиле бугарскиот свештеник Василиј за Архиепископ бугарски. Подоцна кога видинскиот Епископ сфатил дека е направена схизма и се покајал, сакајќи Архиепископијата да ја стави под Константинопол или Охрид, бил

посечен. Калојан (1197-1207) се обидувал да издејствува признавање на Трновската (Бугарска) Архиепископија, но тој не можел да бара признавање ниту од Константинополската Патријаршија, ниту од Охридската Архиепископија, бидејќи тоа не можел да го добие. Тој се обратил директно до Папата Инокентиј III (1198-1216) од кого за себе побарал императорска круна, а за Архиепископот трновски-патријаршиски чин. Во Ноември 1204г. Калојан примил од Папата кралска круна, а Архиепископот титула Примас. Со овој чин Трновската Архиепископија стапила во унија и се лишила од единството со Православната Црква. Иако царот Калојан се обидувал, не успеал да ја стави Охридската Архиепископија под јурисдикција на трновската. Сепак, успеал да ги протера Епископите Грци и на нивно место да постави Бугари. Само Архиепископот можел да биде Грк, но не се знае каков бил односот на Калојан кон него.

По раскинувањето на унијата со Рим, во времето на Иван Асен II (1218-1241), заради познатите политички причини, била дадена автономија за Трновската Архиепископија. Во 1232г. бил склучен договор со кој трновскиот Архиепископ ја признава врховната власт на Вселенскиот Патријарх, од кого примил хиротонија. Подоцна кога во 1235г. бил склучен брак помеѓу бугарската принцеза Елена и грчкиот престолонаследник Теодор, заради роднинските врски на никејскиот и бугарскиот двор, Архиепископијата во Трново била издигната во Патријаршија. Бугарските владетели секогаш се стремеле да го издигнат угледот на Трновската Архиепископија над Охридската Архиепископија, и постојано барале начин да ја потчинат на Трновската.

Поделбата на Византија довела до поделба и на Константинополската Патријаршија. Оттогаш Архијереите на епархиите во Трапезунт и Епир, под притисок на граѓанските власти, почнале сами да хиротонисуваат Епископи за испразнетите епархии, и да не ја признаваат власта на никејскиот Патријарх. На тоа остро се спротивставил никејскиот Патријарх, кој патем речено, по преселувањето од Константинопол во Никеја, си ја додал титулата Вселенски Патријарх. Византијците сметале дека царството не може да постои без Патријаршија, а тоа ги поттикнало и останатите грчки владетели да создаваат црковни управи во своите држави. На епирските Архијереи голема поддршка им давал Архиепископот охридски Хоматијан, што допринело односите помеѓу охридскиот и никејскиот црковен центар да бидат влошени. По барање на епирскиот деспот Теодор, Архиепископот Хоматијан го крунисал за цар. Потоа дошло до извесно неопштење помеѓу никејскиот Патријарх и епирските Епископи. Архиепископот Хоматијан отворено признавал дека со епархиите што ѝ припаѓале на Константинополската Патријаршија управувал привремено, само заради новонастанатите состојби. Во тие епархии тој оставил да се споменува никејскиот Патријарх и ја ползувал првата прилика да се помири со него. На новоизбраниот Патријарх Герман II (1222-1240) му упатил писмо во кое потполно го премолчува расцепот. Бидејќи Патријархот Герман II мислел дека Хоматијан сака да постане Патријарх на Западното Византиско царство, му упатил остро писмо во кое го осудува за крунисувањето на Теодор (1215-1224) и за варењето на мирото, кое според Герман било

привилегија само на Патријархот. На ова Архиепископот Хоматијан му одговорил и му напишал во писмото дека за тоа не сака да се правда, бидејќи меѓу другото не е направен никаков догматски или канонски прекршок со тоа што тој варел миро и го помазал Теодор за цар. Писмото што му го испратил Архиепископот Хоматијан на Патријархот Герман II не довело до подобрување на односите и не е познато дали дошло до схизма. Сепак расправиите набргу стивнале. Во времето на Хоматијан избувнал спорот околу канонското прашање за Архијереите хиротонисани во времето на Калојан. По однос на овој проблем се одржал Архијерејски Собор каде што било разгледувано тоа прашање. Од актот на овој Собор се гледа дека е донесено решение бугарските Епископи да ги напуштат епархиите. Спорот бил решен и понатамошните конфликти биле избегнати.

Латинските освојувања во Крстоносните војни и формирањето на бугарската и српската држава, многу ја намалиле јурисдикцијата на Охридската Архиепископија, но сепак таа не исчезнала. Во времето на Архиепископот Хоматијан, автокефалијата на Архиепископијата била потврдена и преку чинот на помазување за цар на епирскиот деспот Теодор Комнен, а во преписката со Патријархот, кој заради латинската окупација на Константинопол бил во Никеја, варењето на миро за помазанието, Архиепископот го аргументирал како право на охридските Архиепископи уште од времето на цар Јустинијан, кој ја воздигнал Прва Јустинијана на ранг на апостолска Црква. Нејзина наследничка е Охридската Архиепископија. Иако со многу намалена јурисдикција, во времето на Епирското царство, Охридската Архиепископија барем на територијата на царството била добро организирана автокефална Црква. Веројатно со многу подобра организација дури и од времето на нејзиниот сјај во царството на Самуил.

Откако Константинопол бил преземен од Михаил Палеолог (1259-1282) во 1261г., Охридскиот Архиепископ Константин Кавасила (1255-1259 и 1260-1282), кој бил затворен од императорот Теодор Ласкарис II (1254-1258), бил ослободен од затвор и царот му дозволил да застане на архиепископската катедра. Овој император ја помагал Архиепископијата и кон неа имал особена почит. Ваквиот однос на царот кон Архиепископијата позитивно го исползувал Архиепископот Јаков Проархиј (1275-1285). Тој ги предложил привилегиите на Архиепископијата, кои биле дадени со повелбите на Василиј II, и успеал повторно да ги воспостави. Овој предлог императорот го прифатил во 1272г. Михаил Палеолог на охридскиот Архиепископ му предал повелба. Во таа повелба Јустинијан и Василиј II се прикажани како основачи на една иста Архиепископија. Во неа се вели дека кон таа повелба се приклучуваат и повелбите на Василиј II Бугароубиецот.

Ширејќи се на југ, српската држава ги достигнала своите крајни предели во времето на царот Стефан Душан (1331-1355). Не се знае точно која година Стефан Душан го зазел

Охрид, но најверојатно околу 1334г. Царот Душан ги почитувал хрисовулите издадени од византиските императори за Охридската Архиепископија и практично не ѝ одзел ништо од она што било под нејзина јурисдикција. Како ктитор на манастирот Трескавец издал три хрисовули, од кои со првата му дал на манастирот владетелски

права на имоти во Преспа и Лерин. Во втората хрисовула Охрид го нарекол προκαθήμενον т.е. оној што претседателствува во месноста каде што се наоѓал манастирот Трескавец. Секако дека доколку цар Душан не сметал оти Охрид е град во кој живее претседателот, односно Архиепископот на Охридската Архиепископија, или ако мислел дека тој е потчинет на српскиот Архиепископ во Пеќ, тогаш немало ни Охрид да го нарече претседателски град.

Стефан Душан бил побожен владетел. Тој издал законик со кој на сите освоени градови им се гарантираат сите привилегии што ги имале кога биле под власта на императорот на Ромеите. Тие привилегии ги задржал и Охрид и Охридската Архиепископија. Во времето на цар Душан, Епископите на Охридската Архиепикопија биле бирани исклучиво од Соборот на Епископите, а не како што било дотогаш - да се бираат во Константинопол, а потоа да се ракополагаат во Охрид.

ПРОДОЛЖУВА ...